РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ПРВ ПРИВАТЕН УНИВЕРЗИТЕТ - ФОН
Бр. 01 – 19/11
01.11 2019 год.
СКОПЈЕ

# ПРВ ПРИВАТЕН УНИВЕРЗИТЕТ – ФОН СКОПЈЕ

# Б И Л Т Е Н

**НА**

**Прв приватен универзитет – ФОН Скопје**

**БРОЈ 225**

**Скопје, 01.11.2019**

# С О Д Р Ж И Н А:

1. Рецензија за избор на еден наставник, по стручно-уметнички предмети, од областа Креирање - 60706 и Текстил - 60707....................................................3615
2. Рецензија за избор на еден соработник, во соработничко звање асистент од областа: Криминалистичка методика - 51601, со познавање на албански јазик..............................................................................................................3620
3. Рецензија за ракопис за учебник „Криминалистичка тактика 1“ - прво издание..........................................................................................................3623

# Р Е Ф Е Р А Т

**За избор на наставник од областа на „Креирање'' - 60706 и „Текстил'' – 60707 на Факултетот за дизајн и мултимедија при ПРВ ПРИВАТЕН УНИВЕРЗИТЕТ – ФОН во Скопје**

Наставно-научниот совет на Факултетот за дизајн и мултимедија при ПРВ ПРИВАТЕН УНИВЕРЗИТЕТ – ФОН Република Македонија, Скопје, на **9-та** седница на ННС одржана на **18.09.2019** година, во врска со конкурсот објавен во дневниот весник „Слободен печат" од **24.06.2019** година, формира Рецензентска комисија за избор на – наставник во сите наставно-научни звања по група стручно-уметнички предмети од областа „**Креирање**" (**60706** - Фраскатиева класификација) и „**Текстил**" (**60707** - Фраскатиева класификација) во состав: вон. проф. м-р Маја Ѓуреска, претседател, ред. проф. д-р. Гордана Вренцоска, член и вон. проф. м-р Елена Вангелоска, член.

На распишаниот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања по група стручно - уметнички предмети од областа „**Креирање**" (**60706** - Фраскатиева класификација) и „**Текстил**" (**60707** - Фраскатиева класификација) се пријави еден кандидат: м-р Александар Рашковиќ. Кандидатот достави: Пријава за конкурсот; Превод на копија од диплома за завршени магистерски студии; Одлука за избор на наставник во звање доцент по предметот костимографија од 17.11.2014 година; Одлука за избор на наставник од областа на текстил и облека од 26.12.2016 година; Решеније за признавање на високообразовна квалификација (31.12.2013 година); Професионална биографија, како и визуелно портфолио со реализирани проекти од областа на модниот дизајн.

Рецензентската комисија до Наставно – научниот совет на Факултетот за дизајн и мултимедија при ПРВ ПРИВАТЕН УНИВЕРЗИТЕТ - ФОН, го поднесува следниот:

# И З В Е Ш Т А Ј

## 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

М-р Александар Рашковиќ е роден во Куманово на 12 јули 1977 година. Основно училиште завршува во истиот град, а средното образование го продолжува во училиште за применета уметност „Лазар Личеноски'' во Скопје, на насоката дизајн на текстил и облека кај професор Ѓорѓи Здравев и професор Лидија Грабул.

Дипломирал на Национална ликовна академија во Софија, Република Бугарија, во класа на проф. д-р Васил Овчаров и магистрирал на истата академија под менторство на проф. д-р Марија Трендафилова и проф. д-р Анна Бојаџиева.

По враќање во Македонија работи како дизајнер во неколку модни куќи и ателјеа како и костимограф на многу театарско, сценски и визуелно-уметнички дела. Раководи со свое ателје за моден дизајн, работи како доцент на факултетот за драмски уметности при универзитетот „Св. Кирил и Методиј'' во Скопје, на факултетот за уметност и архитектура – катедра за моден дизајн при Универзитетот ААБ во Приштина, Република Косово и Факултетот за дизајн и мултимедија при првиот приватен Универзитет ФОН во Скопје, Република Македонија.

## 2. СТРУЧНО – УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

***Изложби***

2019 – Изложба под отворено небо во Универзална Сала – Град Скопје / скулптура (објект) со наслов ЕРОС;
2019 – Изложба ТАНГО во Галерија КО-РА во Скопје / инсталација (костим) со наслов Р-Ф;
2017 – Годишна изложба на Кумановски ликовни уметници / скулптура со наслов ЕКО КУЛТУР;
2014 – Годишна изложба на Кумановски ликовни уметници / инсталација (костим) со наслов ЗОИ.

***Модни ревии и презентации***

Колекција Славни птици презентирана и изложувана во:
НУ. Музеј Куманово
НУ. Археолошки музеј – Скопје
Кинотека на Македонија 2015 година
Колекција Ала - Франга презентирана и изложена во:
НУ. Музеј Куманово (Лапидаријум)
НУ. Музеј на ВМРО и македонската борба
Македонски културен центар во Софија, Р. Бугарија
Фестивал на уметнички форми СОЗОПОЛ во Р. Бугарија
НУ. Градски музеј во Крива Паланка 2014

## 3. СТРУЧНО – АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

***Костимографија***

2019 – Макбет, режија Андреј Цветановски, НУ. Театар Куманово
2018 – Драга Јелена Сергеевна, режија Ќети Дончевска Улиќ, НУ. Театар Куманово
2017 – Кревет пол со странци, режија Есад Брајшори, НУ. Театар Куманово
2016 – Ревизор, режија Андреј Цветановски, НУ. Театар Куманово

***Сценографија***

2018 – Драга Јелена Сергеевна, режија Ќети Дончевска Улиќ, НУ. Театар Куманово

## 4. НАСТАВНО – ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

**2008-2014 -** Надворешен соработник (наставник по предметот „Костимографија 1 и 2) на Факултетот за драмски уметности при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј'', Скопје

**2014 до денес -** Доцент по предметот костимографија 1, 2, 3, и 4 на Факултетот за драмски уметности при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј'', Скопје

**2014/2015 –** Доцент по предметите „Конструкција и моделирање 1, 2, 3 и 4" на Факултетот за дизајн и мултимедија при ПРВ ПРИВАТЕН УНИВЕРЗИТЕТ - ФОН

**2015 до денес –** Доцент на Факултетот за дизајн и мултимедија при ПРВ ПРИВАТЕН УНИВЕРЗИТЕТ - ФОН по предметите:

- Моден дизајн 1, 2, 3 и 4
- Конструкција и моделирање 1, 2, 3, и 4
- Теорија на моден дизајн
- Основи на моден дизајн
- Основи на моден дизајн
- Техники на кроење и шиење
- Основи на цртање на модна силуета
- Дизајнирање и моделирање на женска облека
- Дизајнирање и моделирање на машка облека
- Дизајнирање и моделирање на детска облека
- Дизајнирање и моделирање на висока мода
- Модни додатоци
- Модна илустрација
- Технологија и дизајн на текстил
- Изработка на прототип
- Колекција
- Костимографија
- Истророија на костим и мода
- Моден дизајн напредно ниво 1 и 2
- Техники на драпирање и мулаж
- Модна колекција

**Професор по предметите:**

- Конструкција и изработка на шаблони
- Стилизам и модна комуникација
- Супервизор по група на предмети од областа на модниот дизајн на Факултетот за уметност и архитектура при Универзитетот ААБ во Приштина, Р. Косово.

**2015 до денес** – Ментор на дипломски, специјалистички и магистерски трудови од областа на модниот дизајн.

## РЕЦЕНЗИЈА

М-р Александар Рашковиќ е кандидат со забележително професионално уметничко, дизајнерско и педагошко искуство.

**Стручно-уметничките активности** на кандидатот бележат голем број на самостојни изложби и модни ревии. М-р Александар Рашковиќ во својот авторски и творечки опус опфаќа разновидни и актуелни теми кои ги обработува преку своите уметнички и дизајнерски твроби. Во уметничкиот авторски израз на Рашковиќ се забележува скулптурално обликување, како и изложување на инсталации. Интересот за неговите модни колекции се забележува преку многубројното претставување на истите во домашни и меѓународни музеи, културни центри и фестивали.

**Стручно-апликативната дејност** на м-р Александар Рашковиќ вклучува голем број на реализирани авторски проекти од областа на театарската костимографија и сценографија. Во овие значајни авторски решенија се согледува професионалниот пристап на Рашковиќ, креативноста и зрелоста со кои одговара на творечките предизвици.

**Наставно-образовната дејност** на кандидатот м-р Александар Рашковиќ започнува во 2008 година на Факултетот за драмски уметности при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј'', Скопје, како надворешен соработник - наставник од областа на костимографијата. Во 2014 година м-р Александар Рашковиќ се стекнува со звањето Доцент по предметот костимографија на Факултетот за драмски уметности при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј''во Скопје. Во 2016 година м-р Александар Рашковиќ се избира за наставник од областа на текстил и облека, во наставно - научно звање Доцент. Во текот на својот единаесет годишен ангажман во областа на образованието м-р Рашковиќ предавал на над дваесет предмети од областа на костимографијата, модниот дизајн и комуникација, конструкција на облека и историја на костим и мода. М-р Александар Рашковиќ работи и како супервизор по група на предмети од областа на модниот дизајн на Факултетот за уметност и архитектура при Универзитетот ААБ во Приштина, Р. Косово. Од 2015 година м-р Рашковиќ е ментор на многубројни дипломски, специјалистички и магистерски трудови од областа на модниот дизајн. М-р Александар Рашковиќ е надворешен соработник во центарот за стручно образование и обука (Влада на Р.Македонија) во изготвување на стандарди и програми за средно – стручно образование.

## КОНСТАТАЦИЈА

Според записот од рецензијата **се констатира** дека на објавениот конкурс конкурирал кандидат со значајна биографија во која се потврдуваат следните констатации:

- кандидатот Александар Рашковиќ има завршено соодветно високо образование од втор степен академски студии;
- кандидатот Александар Рашковиќ приложи професионално портфолио со признати уметнички и стручни дела од областа на костимографијата и модниот дизајн;
- Кандидатот има единаесет годишно искуство на високо-образовнате институции: Универзитет „Св. Кирил и Методиј'' – Факултет за драмски уметности и Прв Приватен Универзитет – ФОН – Факултет за дизајн и мултимедија.

## 1. ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

На распишаниот конкурс објавен во дневниот весник „Слободен печат" од **24.06.2019** година конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања по група стручно-уметнички предмети од областа „**Креирање**" (**60706** - Фраскатиева класификација) и „**Текстил**" (**60707** - Фраскатиева класификација) се пријави еден кандидат **м-р Александар Рашковиќ.**

Од горенаведените податоци и по разгледување на поднесените документи од страна на кандидатот, согледувајќи ја неговата досегашна наобразба од стручно-уметничка, стручно-апликативна, наставно-образовна и научно-истражувачка дејност, Рецензентската комисија има задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за дизајн и мултимедија при Универзитетот ФОН да го избере **кандидатот м-р Александар Рашковиќ во звање вонреден професор по група стручно-уметнички предмети од областа „Креирање" (60706** - Фраскатиева класификација) и **„Текстил"** (**60707** - Фраскатиева класификација), согласно член 167 од Законот за високото образование.

Скопје, октомври 2019

Вон. проф. м-р Маја Ѓуреска, с.р. претседател

Ред. проф. д-р. Гордана Вренцоска, с.р. член

Вон. проф. м-р Елена Вангелоска, с.р. член

## РЕФЕРАТ

**ЗА ИЗБОР на соработник, во соработничко звање асистент, од областа на Криминалистичка методика – 51601 на Факултетот за детективи и безбедност на Прв приватен универзитет – ФОН.**

Согласно одлуката од 10-та седница на Наставно научниот совет од 12.09.2019 година на Факултетот за детективи и безбедност при Прв приватен универзитет – ФОН од Скопје, формирана е рецензиона комисија за избор на соработник, во соработничко звање асистент, од областа Криминалистичка методика 51601, со познавање на албански јазик, во следниов состав:

1. Проф. Др. Методија Ангелески – претседател
2. Проф. Др. Мухамет Рацај – член
3. Проф. Др. Насер Етеми – член

По разгледување на пристигнатите материјали, врз основа на Законот за високо образование и Статутарни одредби на Прв Приватен Универзитет ФОН - Скопје, рецензионата комисија го поднесува следниов:

## ИЗВЕШТАЈ

На конкурсот објавен во дневниот печат "Слободен печат" на 24.06.2019 година за избор/реизбор во соработничко звање Криминалистичка методика 51601 и вработување на Прв приватен универзитет – ФОН, распишан согласно член 172 од Законот за високо образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018), во предвидениот рок се пријави канидатот:

1. **Сенат Салиу**

**Биографски податоци**

Кандидатот м-р. Сенат Салиу е роден на 16.09.1992 година во Гостивар. Основно училиште го завршува во О.У. "Фаик Коница" во с. Дебреше, општина Гостивар. Средното образование го завршува во 2011 година во С.О.У. "Гостивар" во Гостивар. Дипломира на Факултетот за детективи и безбедност при Прв приватен универзитет – ФОН, во Скопје, со просек 9.44, Специјализирал на Факултетот за детективи и безбедност

при Прв приватен универзитет – ФОН, во Скопје, со просек 10.00 со теза на тема "Тактика, техника и методика на вршење претрес на дом и други простории", стекнувајќи се стручен назив Специјалист по детективска дејност и безбедност, а магистрира на Факултетот за детективи и безбедност при Прв приватен универзитет – ФОН, во Скопје, со просек 9.75 со теза на тема "Тактика, техника и методика на вршење претрес на дом", стекнувајќи се стручен назив Магистер на Безбедносни науки.

**Заклучок и предлог**

Рецезентската комисија разгледувајќи ја документацијата пристапи кон вреднување на кандидатот преку критериумите за избор предвдени во Законот за високо образование и Правилникот за единствените критериуми и постапката за избор во наставно - научни, наставно - стручни и соработнички звања на ФОН Универзитетот.

Врз основа на биографските податоци, оценка на научните, и други остварувања на кандидатот кои се од важност за утврдување на условите за избор во соработничко звање, податоци за објавените стручни и научни трудови и оценка на тие трудови Рецезентската комисија констатира дека кандидатот м-р Сенат Салиу, ги исполнува условите за избор во соработничко звање асистент од областа на Криминалистичка методика според конкурсот распишан од Првиот приватен универзитет ФОН.

Врз основа на комисискиот увид и анализа во приложената документација за кандидатот кој се пријави на конкурсот, а во врска со неговите покажани резултати Комисијата одлучи дека кандидатот м-р Сенат Салиу ги исполнува условите поради неколку причини: м-р Сенат Салиу има висока просечна оценка на додипломските студии (9,44) како и на последипломските студии (9,87) и има објавено научен труд.

Врз основа на претходно изнесеното, а со оглед дека се исполнети условите предвидени со Законот за високо образование и Правилникот за единствените критериуми и постапката за избор во наставно - научни, наставно - стручни и соработнички звања на ФОН Универзитетот, како членови на Рецезентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно научниот совет на Факултетот за детективи и безбедност при

Првиот Приватен Универзитет Фон – Скопје, кандидатот **м-р Сенат Салиу** да биде избран во соработничко звање - асистент од областа на Криминалистичка методика 51601.

Скопје, октомври 2019 година

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. Др. Методија Ангелески, с.р. – претседател

__________________________

Проф. Др. Мухамет Рацај, с.р. – член

__________________________

Проф. Др. Насер Етеми, с.р. – член

__________________________

**РЕЦЕНЗИЈА**

на ракописот „**Криминалистичка тактика 1** " од авторот

проф. д-р Насер Етеми

Со одлука на седница на Наставно научниот совет на Факултетот за детективи и безбедност одржана на 16.10.2019 година на Првиот приватен ФОН -Универзитет Скопје избрани сме за рецензенти на ракописот понуден како учебник со наслов „Криминалистичка тактика 1" (на албански јазик) од авторот проф. д-р Насер Етеми.

Темелно го проучивме понудениот ракопис под погоренаведениот наслов и во врска со ова го поднесуваме следниов

**И з в е ш т а ј**

**I Опис**

Ракописот се состои од густо отчукан текст распослан на вкупно 397 страници (345 страници текст и 28 страници предлози (просечно по 44 реда на страница во Times New Roman, фонт 12 со 1,15 проред) + 10 страни попис на библиографски единици (од домашни и странски автори, и неколку правни и интернет извори).

Структурата на текстот ја сочинуваат вкупно 19 глави наведени според следниов редослед, и прилог кон текстот.

1. Криминалистика – наука и практика за откривање, разјаснување и превенирање на криминалитетот
2. Оперативна дејност
3. Информативен разговор како начин за собирање на информации од граѓани
4. Утврдување алиби
5. Заседа
6. Патролна дејност
7. Употреба на полиграф во откривање и разјаснувањето на кривични дела и нивни сторители
8. Употреба на полициско куче
9. Следење и опсервација
10. Потражна дејност
11. Лишување од слобода
12. Рација
13. Легитимирање како начин на утврдување на идентитет на лице
14. Сретства за присилба, видови и начин на употреба
15. Криминалистички евиденции
16. Стопирање и преглед на патници, превозни средства и багаж
17. Стапица
18. Обезбедување на место на кривичен настан
19. Контролирање на документација на одредени објекти и простории на државните органи, институции, претпријатија што извршуваат јавни овластувања и другите правни лица

Во првата глава се дефинира поимот на криминалистиката како наука. Исто така се посветува внимание и на основните задачи и на предметот на криминалистиката. Во продолжение на оваа глава дадени се основите врз кои се потпира криминалистиката. Во ова глава дадена и дефиниција и за криминалистичката тактика како дел од криминалистиката и значањето што таа го има во откривањето и докажувањето на кривичните дела и нивните сторители.

Наредната глава е посветана на оперативната дејност. Во ова глава дадена е дефиниција за оперативната дејност, како дејност што ја регулира работата на органите кои се занимаваат со борбата против криминалитетот кои имаат едно суштестено значење во откривање на кривичните дела, нивните сторители како и превенцијата на кривичните дела. Понатаму посебно внимание им се посветува на криминалистичката контрола, криминалистичката обработка како и на оперативната акција како значајни елементи на оперативната дејност.

Во третата глава претставен е информативниот разговор како посебен начин на собирање информации од граѓаните. Оваа глава почнува со основните карактеристики и значењето што го има собирањето на информации од граѓаните како и правната регулатива на собирањето на информации. Понатаму во оваа глава се дадени основните подготовки што треба да ги направат овластените службени лица за водење на разговорот. Исто така значајно место во ова глава е посветено и на фазите на водењето на информативниот разговор, почнувајќи од воведната фаза, фаза на слободен израз и фаза на поставување прашања. Ова глава завршува со документирањето на извршениот разговор.

Четвртата глава од учебникот е посветана на утврдувањето алиби како една од значајните оперативни дејствија. Покрај значањето што го има утврдувањето алиби посебно внимание е посветено и на видовите на алиби и веродостојноста на алиби. Понатаму е обработена тактиката на проверување и утврдување на алиби како една комплицирана задача што подразбира преземање на различни дејствија за утврдување дали даденото алиби е веродостојно или не. Наведени се фактите врз основа на кои се врши утврдувањето алиби како врз основа на позитивните и/или негативните факти како и елементите на кои се заснова глобалната тактика на утврдување алиби.

Во следната глава е објаснето значењето на заседата како оперативна техничка мерка. Дадени се целите за организирање на заседата, местата каде се организира, принципите за организирање и спроведување, елементите на планирањето. Исто така во ова глава е обработена тактиката на дејствување при спроведување на заседата, видовите заседи. Посебно внимание во ова глава е посветена и на основните карактеристики на заседите што се организираат спрема полициските службеници како и тактиката на спротивставување на ваквите случаи.

Шестатта глава се однесува на патролната дејност во која објаснети се влијанието и значењето на патролната дејност како директна дејност на превенирањето на полициските службеници што се извршува во униформа. Претставена е работата на полициските службеници, нивното присуство, преземените патролни активности што го одржуваат редот и мирот на теренот каде што патролираат, заштитата на животите, личната безбедност и сопственоста на граѓаните, мониторирањетона одреден реон и сл. Понатаму се наведени стратегиите на патролирањето, територијалното организирање, формите на патролирање како и видовите на патролирање. Посебно внимание му е посветено и на полициското работење во заедницата.

Во текстот на седмата глава опишано е значењето на употребата на полиграфот во откривање и докажување на кривичните дела. Авторот го опишува историскиот развиток на полиграфот, правните и етичките аспекти на употребата на полиграфот. Понатаму авторот продолжува со опишување на деловите на полиграфот, видовите на тестовите како и фазите на спроведување на полиграфското тестирање. На крајот на ова глава се наведени криминалистичката вредност на употребата на полиграфот.

Во текстот на осмата глава опишана е употребата на полициско куче. Авторот оваа глава ја почнува со историската употреба на полициски кучиња. Понатаму продолжува да објснува за употребата на полициски кучиња како полициско средство како и за што најмногу се употребува полициското куче. Посебно внимание е

посветено на употребата на полициско куче како средство за присила, што е тоа што ги прави толку посебни за полициската работа, како се тренираат кучињата, тактиката на нивната употреба. Исто така во прилог на оваа тема дадени се основните карактеристики на неколку најупотребувани раси на кучиња.

Следењето и опсервацијата се претставени во деветтата глава. По воведните забелешки и правното регулирање на следењето и опсервацијата наведени се целите на полициското следење и опсервацијата. Понатаму се дадени видовите на следење како што е следење пешки, со превозно средство, статичното следење како и електронското следње. Посебно внимание се посветува на некои тактики кои се применуваат во криминалистичката практика кај нас и во светот за следење на лица и предмети.

Десетатта глава е посветена на потражната дејност. Дадено е поимното одредување на потражната дејност како едно дејствие кое што го преземаат органите на внатрешни работи по наредба на другите органи или самоиницијативно со цел откривање на сторителот на казнeнивите дела, или другите лица кои се значајни за некоја судска или административна постапка, предмети или човечки безживотни тела. Понатаму се објаснети објектите на потрага и видовите потраги.

Единаесетатта глава од учебникот го обработува лишувањето од слобода. Опишана е правната регулатива за лишувањето од слобода и кои се правата на лицата лишуваат од слобода. Понатуму во оваа глава е обработено приведувањето, задржувањето и спроведувањето. Посебно внимание е посветено на тактиката на лишувањето од слобода.

Следната глава насловена како заседа. Во оваа глава авторот ни ја претставува правната рамка за преземање на рација, местата каде може да се спорведува, целите на рацијата како и подготовките што треба да се преземат пред спроведување на рацијата. Посебно внимание се посветува на тактиката на спроведување на оваа репресивно-превентивна мерка.

Во тринаесетатта глава насловена како утврдување на идентитет на лице-легитимирање авторот по воведните забелешки каде го објаснува значењето на ова оперативно дејствие ни ја објаснува правната рамка на легитимирањето како посебно овластување на полициските службеници. Понатаму авторот продолжува со принципите кои ја утврдуваат рамката за разбирање на факторите кои стојат позади одлуките на полициските службеници за стопирање и легитимирање. Исто така во оваа глава претставена е полициската тактиката на вршење легитимирање.

Средствата за присилба, видови и начин на употреба е насловот на четиринаесетатта глава. Во неа авторот почнува со воведните забелешки каде се наведува значаењето што го имаат овие средства врз животот и телото на граѓанинот како и почитувањето на основните три принципи за употреба на овие средства. Понатаму во оваа глава од учебникот се наведени видовите на средставата за присилба. На крајот на оваа глава е обработена употребата на средствата за присилба спрема групи кои го нарушуваат јавниот ред и мир.

Криминалистички евиденции е насловот на петнаесетатта глава. Во неа авторот на почетокот го опишува значењето што го имаат евиденциите во криминалистичкото работење како еден предуслов за доброто функционирање на полицијата, каде овие податоци се од извонредно значење во превенцијата и откривање на кривичните дела и следење на нивните сторители. Понатаму во оваа глава авторот обработува неколку позначајни криминалистички евиденци за откривање и докажување на кривични дела. На крајот на оваа глава авторот го опишува информативниот систем на органите на внатрешни работи како дел од општиот систем за информирање.

Шеснаесетатта глава на учебникот е посветена на прегледот на превозните средства, патниците и нивниот багаж. Опишана е тактиката на реализирање на ова

дејствие, посебно за тактиката на стопирање, за прегледот на лица како и за начнот на вршење преглед на превозните средства. Во продолжение е опишан начинот на постапување со предметите што се откриваат и треба да се земаат од страна на полициските службеници.

Следната глава ја обработува стапицата како посебна полициска мерка за откривање на сторителите кои во континуитет извршуваат кривични дела а кои на поинаков начин не можат да се откријат. Понатаму се објаснуваат видовите на стапици како што се физичките, дактилоскопските, техничките, ССТВ (CCTV) како стапица, хемиските, а посебно внимание е посветено на стапиците кои се поставуваат против крадење на превозните седства како и за употребата на некои посебни истражни мерки како стапици.

Претпоследната глава е посветена на обезбедувањето на местото на кривичниот настан. Во неа авторот го опишува значењето што го има местото на настанот како и значењето на обезбедувањето на тоа место. Понатаму авторот во текстот опишува каков треба да биде првичниот одговор по добивање на информацијата за сторено кривичо дело и пристигнувањето на местото на настанот, кои мерки за обезбедување на местото треба да се преземаат, медицинската помош, обезбедувањето и прегледот на лицата затечени на местото на настанот, одредување на границите и одржување на контролата над местото на настанот.

Последната глава од учебникот е посветена на тактиката на вршење преглед на документацијата на објектите и просториите на државните органи, институциите, претпријатијата што што имаат јавни овластувања и другите правни лица.

Во прилог на текстот дадени се дванаесет формулари од Правилникот за начинот на вршење на полициските работи а кои се поврзани за темите кои се обработуваат во учебникот. Исто така во прилогот на трудот се дадени и три примери од каузистиката, планови за спроводување на полициски активности а кои исо така се поврзани со темите во текстот како што се заседата, приведувањето и рацијата.

## II Констатации

Врз основа на погоре изнесениот опис на ракописот кој ни беше доставен констатиравме дека овој ракопис ги задоволува сите стандарди за труд од ваков тип.

## III Заклучок

Погоре наведените констатации упатуваат на заклучокот дека анализираниот ракопис (понуден како учебник под наслов „Криминалистичка тактика 1") од авторот проф. д-р Насер Етеми ги задоволува стандардите на учебник од оваа научна област.

Скопје, 21 октомви 2019 г.

Рецензенти

**проф. д-р Ќебир Авзиу, с.р.**

__________________________

**проф. д-р Мухамет Рацај, с.р.**

__________________________